# Договорот

Ел Кенеди

САКАМ КНИГИ

# Прва глава
# Хана

Тој не ни знае дека постојам.

По милионити пат во овие четириесет и пет минути, ѕирнувам во насока на Џастин Кол, а тој е толку прекрасен, што грлото почнува да ми се затвора. Иако можеби треба да употребам некоја друга придавка - другарите кои ги имам се убедени дека мажите не сакаат некој да ги нарекува *прекрасни.*

Меѓутоа, мајчице мила, нема друг збор кој би ги опишал неговите мажествени црти на лицето и длабоките кафени очи. Денес носи бејзбол-капче, но јас добро знам што има под него: густа темна коса - од оној вид коса која личи свилена на допир и те тера да посакаш да поминеш со прстите низ неа.

Во текот на петте години по силувањето, срцето силно ми биело само за двајца.

Првиот ме откачи.

А овој не знае ни дека сум жива.

Седната на главната катедра на дното од амфитеатарот, професорката Толберт држи еден од своите *Говори на разочарувањето*, како што почнав да ги нарекувам. Трет ѝ е во овие шест недели.

Изненадување, изненадување, седумдесет проценти од групата имаше добиено седум минус или пониско на испитот.

А јас? Мајсторски го положив. И би лажела ако кажам дека големото црвено *10!* заокружено на горниот раб од тестот не ми дојде како целосен шок. Не направив ништо посебно, само пишував бесконечни глупости со цел да ги пополнам празните линии.

Филозофската етика требаше да биде лесна како песна. Професорот кој го предаваше предметот вообичаено даваше прелесни тестови со одговори на заокружување, а крајниот „испит“ се состоеше од слободен есеј за одредена морална дилема, каде учениците требаше да пишуваат како би ја решиле.

Но, две недели пред почетокот на семестарот, професорот Лејн почина од срцев удар. Се зборуваше дека неговата чистачка го пронашла испружен на подот од бањата - гол. Кутриот човек.

За среќа (и да, сосем сум саркастична), Памела Толберт беше веднаш подготвена да ги преземе часовите на Лејн. Беше нова на Универзитетот Брајар и беше тип на професор кој бара од студентите *вистински* да го сфатат материјалот. Да се работеше за филм, таа ќе беше младата, амбициозна професорка која доаѓа во некоеси пропаднато училиште и ги инспирира сите заебенти и безнадежни случаи да си ги згреат столчињата, па последната сцена раскажува како сите нејзините студенти биле примени на Харвард или некое слично срање. Загарантиран Оскар за Џенифер Лоренс.

Само што, ова не беше филм, па Толберт успеа да инспирира само омраза кај своите студенти. И, искрено, не можеше да сфати зошто сите паѓаат како круши на нејзините испити.

Мала помош - веројатно затоа што поставуваше прашања на кои човек можеше да напише цел ебен дипломски труд.

„Сакам да ви понудам поправен испит на сите вас кои паднавте или добивте седум минус или пониско.“ Носот на Толберт се збрчкува, небаре не може ни да си замисли зошто такво нешто би било неопходно.

Зборот кој го употреби - *сакам?* Да, секако. Слушнав дека еден куп студенти им се жалеле на универзитетските советници за неа, па веројатно надредените ја присилиле да дозволи поправка на испитот. Не изгледа добро за Брајар ако повеќе од половина студенти паѓаат и тоа, меѓу нив не се само забушанти. Имаше и одлични ученици - како Нел, која седи намуртено до мене - кои исто така постигнаа ужасни резултати.

„На оние кои ќе одлучат да преполагаат ќе им биде извлечен просек од двете оцени. Ако поминете полошо вториот пат, ќе ви остане првата оценка", завршува Толберт.

„Не ми се верува дека доби десетка", ми шепоти Нел.

Изгледа толку вознемирено, што почнувам да сочувствувам со неа. Со Нел не сме најдобри другарки или нешто такво, но уште од септември седиме една до друга, па беше природно меѓусебно да се запознаеме. Таа е на пат да студира медицина и знам дека доаѓа од преамбициозно семејство, кое би се одрекло од неа доколку ѝ ја дознае семестралната оценка.

„Ни мене не ми се верува", ѝ шепотам. „Искрено. Прочитај ми ги одговорите. Бескрајни бесмислици."

„Всушност, смеам ли?" Сега звучи нетрпеливо. „Баш ме интересира што е одговор за десетка според Диктаторката."

„Ќе го скенирам тестот, па ќе ти испратам копија на мејл вечерва", ѝ ветувам.

Во истиот момент кога Толберт го завршува часот, низ целиот амфитеатар почнуваат да одекнуваат *ајде-да-се-губиме-оттука*-звуци. Се затвораат лаптопи, се пакуваат тетратки и студенти стануваат од своите места.

Џастин Кол застанува крај вратата да поразговара со некого, а мојот поглед се лансира кон него како проектил. Прекрасен е.

Сум спомнала ли колку е прекрасен?

Дланките почнуваат да ми се потат додека зјапам во неговиот убав профил. Нов е во Брајар годинава, но не знам од кој колеџ се има префрлено и, иако дефинитивно не потроши многу време да стане ѕвезда на тимот за американски фудбал, не е како другите спортисти во училиштево. Не се шета по ходниците со една од оние *јас-сум-Божји-подарок-за-светот*-насмевки и не се појавува со различна девојка под рака секој ден. Сум го видела како се смее и се шегува со другарите од тимот, но, истовремено, оддава некоја интелигентна, моќна енергија, која ме тера да верувам дека има

некоја скриена длабочина во него. Што ме прави уште поочајна да сакам да го запознаам.

Вообичаено не ме привлекуваат спортисти, но нешто во врска со овој дечко ми го испива сиот разум.

„Пак зјапаш."

Задевачкиот глас на Нел ми ги поруменува образите. Веќе неколкупати ме има фатено како ми течат лиги по Џастин, па е една од ретките луѓе на кои им имам признаено дека ми се допаѓа.

Мојата цимерка Али исто така знае, но другите пријатели? Нема шанси. Повеќето од нив студираат драма или музика, па претпоставувам дека тоа нè прави уметничко друштво. Или можеби емо-друштво. Со исклучок на Али, која уште од прва година е во врска со прекини со еден тип од студентското братство - моите пријатели обожаваат да ја критикуваат елитата на Брајар. Јас вообичаено не се вклучувам во дискусиите (сметам дека озборувањето е под мое ниво), но... да бидеме искрени. Повеќето од популарните деца се тотални кретени.

Типичен пример - Гарет Греам, другата спортска ѕвезда присутна на предавањето. Дечкото се шета наоколу небаре го поседува местово. Па, можеби и делумно го поседува. Треба само да пукне со прстите и некоја желна девојка ќе се појави до него. Или ќе му скокне во скут. Или ќе му го пикне јазикот во грло.

Меѓутоа, денес не изгледа како крал на кампусот. Речиси сите се заминати, вклучувајќи ја и Толберт, но Гарет останува на своето столче, со цврсто стегнати тупаници врз рабовите од својот испит.

Сигурно паднал, но, не ми е многу жал за типот. Брајар е познат по две нешта - хокеј и американски фудбал, што и не е шокантно изненадување, со оглед на фактот што и Патриотс и Бруинс се од Масачусетс. Спортистите кои играат за Брајар речиси секогаш завршуваат во редовите на најдобрите професионални тимови, па за време на двете години тука, добиваат сè на сребрен послужавник - вклучувајќи ги и оцените.

Па, да, можеби тоа ме прави малку одмаздољубива, но чувството да се види дека Толберт го бутнала

капитенот на нашиот шампионски хокеарски тим исто како сите останати, е триумфално.

„Сакаш да се напиеме нешто во Кофи хат?“ ме прашува Нел додека си ги собира книгите.

„Не можам. Имам проба за дваесет минути.“ Станувам, но не ја следам до вратата. „Оди, слободно. Морам да си го проверам распоредот. Не ми текнува кога ми се следните вежби.“

Уште една „предност“ да се слуша предметот на Толберт - заедно со неделното предавање, принудени сме да присуствуваме на уште две триесетминутни вежби неделно. Позитивно е тоа што асистентката Дана ги води вежбите, а таа ги има сите квалитети кои ѝ недостасуваат на Толберт. Како смисла за хумор.

„Океј“, вели Нел. „Се гледаме подоцна.“

„Се гледаме“, ѝ довикувам.

На звукот од мојот глас, Џастин прави пауза во ходникот и ја врти главата.

Ох. Мајко. Мила.

Невозможно е да го спречам црвенилото кое ми се појави врз образите. Ова е првпат да се погледнеме во очи, па не знам како да реагирам. Да кажам здраво? Да мавнам со рака? Да се насмеам?

На крај, се одлучувам за мало кимање со главата. *Ете.* Кул и опуштено, како што ѝ доликува на една софистицирана студентка од трета година.

Срцето ми запира кога крајчето од неговата уста се крева во блага насмевка. Ми возвраќа со кимање и го снемува.

Зјапам во празниот ходник. *Срање,* пулсот ми експлодира во силен галоп. По шест месеци дишење ист воздух во оваа задушлива просторија, тој најпосле ме забележа.

*Посакувам да бев доволно храбра и да тргнам по него. Можеби да го прашам дали сака да се напиеме кафе. Или да одиме на вечера. Или на закуска - чекај, дали воопшто луѓето на наша возраст одат на закуска?*

Но, моите стапала останаа залепени за сјајниот ламинатен под.

Бидејќи сум кукавица. Да да, целосно посрана кукавица. Преплашена сум дека ќе ме одбие, но уште повеќе сум преплашена дека ќе *прифати*.

Добро се чувствував кога почнав со колеџ. Проблемите беа далеку зад мене, па дури почнав и да ги спуштам ѕидовите околу себе. Бев повторно подготвена да излегувам со некого и го сторив тоа. Излегував со неколку момци, но, освен мојот поранешен дечко, Девон, ниту еден од нив не ми предизвикал вакво треперење на телото како Џастин Кол, и тоа ме вади од памет.

*Бебешки чекори.*

Да. Бебешки чекори. Тоа беше омилениот совет на мојата терапевтка, и морам да признаам дека таквата стратегија многу ми има помогнато. Концентрирај се на малите победи, секогаш го велеше тоа Керол.

Па... денешната победа... му кимнав на Џастин и тој ми се насмевна. На следното предавање, можеби јас ќе му се насмевнам. А на предавањето по тоа, можеби ќе му ја предложам идејата за кафе, вечера или закуска.

Земам воздух додека се симнувам надолу, охрабрена од чувството на победа, без разлика колку е мала.

Бебешки чекори.

# ГАРЕТ

Паднав.

Ебено паднав.

Цели петнаесет години, Тимоти Лејн дели десетки како бонбони. Годината кога *јас* го запишувам предметот? Тропалото на Лејн престанува да тропа и јас сум заглавен со Памела Толберт.

Сега е официјално. Жената ми е заколнат непријател. Од самото гледање во нејзиниот цветен ракопис - што го исполнува секој милиметар од маргините на мојот испит - ми доаѓа да се претворам во Неверојатниот Хулк и да го распарчам тестот на најситни делчиња.

Имам десетки по повеќето други предмети, но во моментов, имам петка по филозофска етика. Комбинирано со оцената по шпанска историја, седум плус, просекот ми се спушта на седум минус.

Ми треба просек од седум плус за да играм хокеј.

Вообичаено не ми е никаков проблем да го држам просекот висок. Спротивно од верувањето на повеќето, не сум само уште еден глупав спортист. Но, во никој случај не ми пречи луѓето да веруваат дека сум. Особено девојките. Изгледа ги возбудува помислата да имаат секс со големиот, мускулест неандерталец кој е добар само во едно нешто. Со оглед на тоа што не барам ништо сериозно, секс без обврски со женски кои ми го сакаат само курот, совршено ми одговара. Ми дава повеќе време да се сосредоточам на хокејот.

Но, ако не си ја поправам оценава, *нема* да има повеќе хокеј. Најлошото нешто за Брајар? Нашиот декан бара извонредност - академска *и* спортска. Додека другите школи се обично попопустливи кон спортистите, Брајар држи политика на никакво попуштање.

Проклета нека е Толберт. Кога пред часот ја прашував за екстра бодови, само ми рече со оној нејзин назален глас да присуствувам на вежбите и да се сретнам со групата за учење. Веќе ги направив и двете. Па, да, освен ако не најмам некој бубалица да стави маска од моето лице и да го реши поправниот испит за мене... заебан сум до даска.

Својата фрустрација ја претворам во гласно јачење, па со крајот од окото забележувам како некој изненадено се стресува.

И јас се стресувам, бидејќи си мислев дека тонам во својата беда насамо. Но, девојката која седи во задниот ред исто така останала, па сега се симнува накај катедрата на Толберт.

Менди?

Марти?

Не се сеќавам како се вика. Веројатно бидејќи никогаш не сум се помачил да ја прашам. Слатка е. Многу послатка отколку што си мислев. Убаво лице, темна коса, јако тело - срање, како не сум ѝ го забележал телото порано?

Но, сега го забележувам. Тесни фармерки врз кружниот, тртлест задник кој вреска *стисни ме* и отворен џемпер кој ѝ го сокрива сериозно импресивното деколте. Немам многу време да им се восхитувам на ниту една од двете привлечни слики, бидејќи таа ме фаќа како зјапам во неа, па се мурти.

„Сè е во ред?“ прашува со продорен поглед.

Мрморам нешто под мустаќ. Не сум расположен да зборувам со кого било во моментов.

Една темна веѓа се крева накај мене. „Извини, дали тоа беше англиски?“

Го гужвам тестот и го туркам столот назад. „Реков дека сè е океј.“

„Океј, тогаш.“ Таа ги крева рамениците, па продолжува да се симнува по скалите.

Кога тргнува да го проверува распоредот за вежби, си ја облекувам хокејската јакна, го пикам очајниот тест во ранецот, па го затворам.

Темнокосата девојка се враќа кон клупите. Мона? Моли? М-то звучи точно, но останатото е мистерија. Го држи својот тест во рака, но не го погледнувам бидејќи претпоставувам дека паднала како и сите останати.

Ѝ дозволувам да помине пред и самиот да почнам да се симнувам надолу. Сакам да речам дека тоа го направи џентлменот во мене, но би излажал. Сакам уште еднаш да ѝ го видам задникот, бидејќи ѝ е проклето секси, па веќе кога ѝ го видов еднаш, не ми пречи да го погледнам повторно. Ја следам до излезот и одеднаш сфаќам колку е проклето ситничка - стојам една скала под неа и пак можам да ѝ го видам темето на главата.

Само што дојдовме до вратата, таа се сопнува од ништо, па сите книги од раце ѝ паѓаат на подот.

„Срање. Баш сум несмасна."

Се наведнува на колена, па истото го правам и јас, бидејќи спротивно од мојата претходна изјава, навистина *можам* да бидам џентлмен ако сакам да бидам, па дефинитивно е џентлменско дело да ѝ помогнам да ги собере книгите.

„Ох, не мора да ми помагаш. Во ред е", инсистира таа.

Но, мојата дланка веќе се наоѓа врз нејзиниот тест, па вилицата ширум ми се отвора кога ѝ го погледнувам.

„Не заебавај. Си положила со десетка?" прашувам.

Таа се насмевнува како да ѝ е непријатно. „Знам, нели? Сигурна бев дека сум паднала."

„Заебаваш." Се чувствувам како да сум налетал на проклетиот Стивен Хокинг и сега тој ми мавта со тајните на универзумот пред нос. „Може да ти ги прочитам одговорите?"

Веѓите повторно ѝ се креваат. „Малку си директен, зарем не? Не се ни познаваме."

Превртувам со очите. „Не барам од тебе да се соблечеш, срце. Само сакам да ти го погледнам тестот."

„*Срце?* Чао директен, здраво дрзок."

„Дали би претпочитала да ти се обраќам со *госпоѓице? Госпоѓо*, можеби? Би ти го употребил личното име, но не го знам."

„Секако дека не го знаеш." Воздивнува. „Хана." Прави пауза. „*Гарет.*"

Океј, тотално утнав во буквата М.

А воедно не ми бега ни начинот на кој ми го нагласува името, небаре сака да каже, *Ха, јас го знам твоето, шупаку!*

Ги собира останатите книги и станува, но јас не ѝ го враќам тестот. Наместо тоа, скокнувам на нозе и почнувам да го разгледувам. Прелетувам со поглед преку нејзините одговори и сите надежи уште повеќе ми тонат, бидејќи ако ова се анализите кои Толберт ги очекува, тогаш сум тотално заебан. Постои причина зошто студирам историја - сакам да се занимавам со факти. Црно и бело. Тоа се случило во тоа време, на тој човек и тоа е резултатот.

Одговорите на Хана се фокусираат врз теоретски срања и врз тоа како филозофите би одговориле на различни морални дилеми.

„Фала." Ѝ го враќам испитот, па ги закачувам палците врз каишот од фармерките. „Еј, слушни ме. Дали... би се нафатила..." Ги кревам рамениците. „Знаеш..."

Усните ѝ се искривуваат, небаре се обидува да не се изнасмее. „Искрено, *не знам.*"

Воздивнувам. „Дали сакаш да ми држиш приватни часови?"

Нејзините зелени очи - најтемната нијанса на зелена која некогаш сум ја видел, опкружена со густи црни трепки - се менуваат од изненадени во скептични во рок од само неколку секунди.

„Ќе ти платам", додавам набрзина.

„Ох. Хм. Па, да, секако би очекувала да ми платиш. Но..." Одмавнува со главата. „Извини. Не можам."

Го проголтувам разочарувањето. „Ајде бе, направи ми услуга. Ако не го положам поправниот испит, просекот ќе ми падне во вода. Те молам?" Ѝ нудам широка насмевка - онаа од која ми се појавуваат дупчиња на образите и која без исклучок ги стопува девојките.

„Дали тоа вообичаено ти успева?" ме прашува љубопитно.

„Кое?"

„Таа голема, божем невина, момчешка насмевка. Ти помага ли да го добиеш она што го сакаш?“

„Секогаш“, одговарам без колебање.

„*Речиси* секогаш“, ме поправа. „Види, жал ми е, но навистина немам време. Веќе сум пренатрупана со учење и работа, а воедно и зимскиот концерт се наближува, па ќе имам уште помалку време.“

„Зимски концерт?“ повторувам збунето.

„Да, заборавив. Ако не е поврзано со хокеј, тогаш не те интересира.“

„Кој е дрзок сега? Не ме ни познаваш.“

Таа прави мала пауза, па воздивнува. „Студирам музика, океј? А Факултетот за музичка уметност организира два настани годишно, зимски и пролетен концерт. Победникот на концертот добива стипендија од пет илјади долари. Се работи за доста важен настан. Важни луѓе од индустријата доаѓаат од целата земја да нè гледаат. Агенти, музички продуценти, ловци на млади таленти... Па, колку и да сакам да ти помогнам...“

„Не можеш“, дополнувам мрачно. „Ми изгледа како воопшто да не сакаш ни да ми *зборуваш* во моментов.“

Нејзината *упс, ме откри* гримаса е проклето навредлива. „Морам да одам на проба. Жал ми е што не си положил, но, ако ти е за утеха, сите паднаа.“

Подзамижувам. „Но, не и *ти*.“

„Што да правам. На Толберт очигледно ѝ се допаѓа мојот тип на срања. Дарба е во прашање.“

„Па, и јас ја сакам твојата дарба. Те молам, учителке, научи ме на твоите срања.“

На две секунди сум од паѓање на колениците и молење, но таа се придвижува кон вратата. „Знаеш дека има група за учење, нели? Можам да ти го дадам бројот...“

„Веќе сум во неа“, мрморам.

„Ох. Е па, тогаш немам што друго да сторам за тебе. Со среќа на поправниот испит. *Срце*.“

Таа излегува низ вратата, оставајќи ме изнервирано да зјапам во нејзина насока. Неверојатно.

Секоја девојка на колеџов би си ја исекла проклетата рака за да ми помогне. А, оваа? Избега од мене како да ѝ побарав да убие мачка за да ја жртвуваме во чест на сатаната.

И, сега повторно сум во истата ситуација како пред Хана-без-М да ми даде ронка надеж.

Заебан до даска.

# ВТОРА ГЛАВА
# ГАРЕТ

Цимерите ми се мртви пијани кога влегувам во дневната соба по средбата со групата за учење. Масичката за кафе е преполна со празни лименки пиво, заедно со до капка испразнето шише Џек, за кое знам дека му припаѓа на Логан, бидејќи само тој е поборник на *пиво е за пички* филозофијата. Негови зборови, не мои.

Во моментов, Логан и Такер се натпреваруваат во вжештена партија *Ајс Про,* а погледите им се залепени за плазма-екранот додека лудо кликаат по копчињата. Логан на секунда ги трга очите од играта кога ме забележува во ходникот, и таквата моментална невнимателност го чини пораз.

„Па така!“ Так триумфално извикува кога неговиот одбранбен играч успева да му даде гол на голманот на Логан, па таблата со резултати светнува.

„Ах, еби се!“ Логан ја паузира играта и мрачно ме погледнува. „По ѓаволите, Гар! Само што примив глупав гол заради тебе.“

Не одговарам, бидејќи сега *мене* ми е одвлечено вниманието - од полуголата сесија на лапање што се случува во аголот на собата. Дин, повторно во акција. Испружен е врз фотељата без маица и чорапи, додека една русокоса облечена само во чипкаст црн градник и тесни шорцеви седи врз него и се трие од неговиот полов орган.

Темнозелени очи ѕирнуваат од зад рамото на женската, па Дин ми се насмевнува. „Греам! Каде си досега, брат?“ кажува развлечено.

Им се враќа на усните на русокосата пред да можам да одговорам на пијаното прашање.

Од некоја причина, Дин сака да мува девојки секаде, *освен* во спалната соба. Сериозно. Кога и да се свртам наоколу, го наоѓам среде некоја жешка активност. Врз шанкот во кујната, на каучот во дневната, врз трпезариската маса - типот имал секс во секој милиметар од куќава што ја делиме четворицата. Жива курва е, и воопшто не му е срам за тоа.

Меѓутоа, немам право да коментирам. Ниту јас, ниту пак Логан или Такер, не сме калуѓери. Што да речам? Хокеарите се напалени суштества. Кога не сме на мраз, обично можат да нè најдат како се занимаваме со една или две хокеј-зајачици. Или три, ако се викаш Такер и е минатата Нова година.

„Ти пишувам цел саат, брат", ми кажува Логан.

Неговите огромни раменици се придвижуваат нанапред кога посегнува по шишето виски врз масичката за кафе. Логан е неверојатен одбранбен играч, еден од најдобрите со кои сум играл, и е еден од моите најдобри другари. Името му е Џон, но сите го викаме Логан, бидејќи така ни е полесно да го разликуваме од Такер, чие име е исто така Џон. За среќа, Дин е единствениот Дин, па не мораме да го викаме по комплицираното презиме: Хејвард-Ди Лорентис.

„Сериозно сега, каде беше, ебате?" довикува Логан.

„Со групата за учење." Земам лименка Бад-лајт од масата и ја отворам. „За какво изненадување ми дрдориш?"

Секогаш знам точно колку е пијан Логан според граматичките грешки во неговите пораки. Па, вечерва мора да е камен, бидејќи морав да се претворам во Шерлок за да му ги дешифрирам речениците. *Изненд* значеше изненадување. *Вдсдт* ми беше малку потешко да го протолкувам, но *мислам* дека значеше *веднаш да си дошол тука?* Но, никогаш не се знае со Логан.

Од своето место на каучот, почнува да развлекува толку широка насмевка, што се чудам како не му се откачува вилицата. Покажува со палецот кон таванот и вели, „Качи се горе и види самиот."

Ги стеснувам очите. „Зошто? Кој е горе?“

Логан се кикоти. „Ако ти кажам, нема да биде изненадување.“

„Зошто имам чувство дека сакате да ме наместите за нешто?“

„Човече“, се вмешува Такер. „Имаш сериозен проблем со довербата, Гар.“

„Кажува кретенот кој ми остави вистински ракун во спалната на првиот ден од семестарот.“

Такер се исклештува. „Ах, Бандит беше пресладок, брат, мора да признаеш. Ти беше подарок за добредојде назад.“

Му покажувам среден прст. „Да, па, од твојот *подарок* едвај успеав да се отарасам.“ Сега му се муртам бидејќи сè уште добро се сеќавам дека беа потребни дури тројца момци од службата за контрола и заштита од штетници за да го отстранат ракунот од мојата соба.

„Да го ебам“, извикува Логан. „Само качи се. Верувај ми, ќе ни се заблагодариш подоцна.“

Мистериозниот поглед кој си го разменуваат малку ме смирува. До некаде. Мислам, нема шанси целосно да се опуштам, познавајќи ги *овие* кретени.

Крадам уште две лименки пиво додека тргнувам кон собата. Не пијам многу за време на сезоната, но тренерот ни даде цела недела слободна за да учиме за испитите, па имаме уште два дена на слобода. Моите соиграчи, среќни копилиња, се чини како да немаат проблем да испијат дванаесет пива и да изиграат шампионски наредниот ден. А јас? Дури и малку да сум бил пивнат е доволно за ужасна главоболка следното утро, па тогаш лизгам како дете кое штотуку ги добило своите први лизгалки.

Откако ќе почнеме со вообичаениот распоред од тренинзи шест дена неделно, количеството на алкохол кое го консумирам ќе се сведе на еден/пет-лимитот. Една пијачка во деновите кога имаме тренинзи, пет пијачки по натпревар. Без исклучоци.

Планирам целосно да го искористам времето кое ми е останато.

Опремен со пива, тргнувам горе кон својата соба. *Главната* спална соба. Да да, не се срамев да ја употребам *јас-сум-вашиот-капетан*-картата, и искрено, вредеше да се слушаат незадоволствата од другите. Приватна бања, бејби.

Вратата е подотворена и тоа веднаш ме тера повторно да се сомневам. Внимателно ѕирнувам кон рамката од вратата за да бидам сигурен дека нема кофа со крв горе, па малку ја подбутнувам. Се протнувам низ отворот, целосно подготвен за заседа.

И токму тоа ме дочекува.

Само што, повеќе се работи за визуелна заседа, бидејќи, *проклетство,* девојката на мојот кревет изгледа како штотуку да излегла од каталог на Викторијас Сикрет.

Да, машко сум, па не знам како се викаат пола од срањата што ги носи. Гледам бела чипка и розови панделки и многу гола кожа. И среќен сум.

„Многу време ти требаше“, Кендал ми упатува секси насмевка, која ми кажува *набрзо ќе ти се посреќи, бејби,* па мојот кур соодветно одговара, така што се стврднува под патентот. „Ти давав уште пет минути пред да си заминам.“

„Сум дошол точно навреме, штом е така.“ Погледот ми поминува по неверојатната долна облека што ја носи, па развлекувам, „Ах, срце, ова е за мене?“

Сините очи заводливо ѝ потемнуваат. „Знаеш дека е, маче.“

Сосем сум свесен дека звучиме како главни ликови од лошо порно. Но, ајде бе, маж влегува во спална соба каде го дочекува жена што изгледа *вака?* Па, дефинитивно е подготвен да одглуми каква било клише-сцена за неа, дури и онаа каде ќе се преправа дека е носач на пица.

Со Кендал првпат се сплеткавме за време на летото, повеќе од практични причина, отколку нешто друго, со оглед на тоа што и двајцата се најдовме на исто место, во исто време. Неколкупати излеговме на пијачка, едно нешто водеше до друго и веќе во следниот момент, имав секс со јака женска од студентското

сестринство. Но, односот ни се олади пред да почнат испитите, па со исклучок на некоја секси порака чат-пат, ја немав видено Кендал сѐ досега.

„Мислев дека ќе сакаш малку забава пред повторно да ви почнат тренинзите“, ми вели, а налакираните нокти си играат со розовата панделка во средина на нејзиниот градник.

„Добро си мислела.“

Мала насмевка се јавува врз нејзините усни и таа се крева на колениции. Проклетство, цицките буквално ѝ се излеваат од чипкастото нешто што го носи. Го крева прстот кон мене. „Дојди тука.“

Не губам многу време за да дојдам до неа. Бидејќи... пак ќе кажам... *машко* сум.

„Мислам дека имаш премногу облека на себе“, забележува таа, па го зграпчува каишот од моите панталони и ми го откопчува. Го повлекува патентот, па една секунда подоцна мојот кур скокнува во нејзината желна дланка. Не сум си ги испрал алиштата со недели, па периодов одев постојано без гаќи додека не се средам, а судејќи од огнот кој се јави во нејзините очи, ми се чини дека го одобрува фактот што не носам боксерки.

Кога ги завиткува прстите околу мене, воздишка ми излетува од грлото. Ах, да. Нема ништо подобро од женски прсти врз твојот алат.

Оу не, грешам. Јазикот на Кендал се вмешува, и, да го ебам, *многу* е подобар од нејзината дланка.

Еден час подоцна, Кендал доаѓа до мене и си ја положува главата врз моите гради. Нејзината долна облека и моите алишта се фрлени врз подот, заедно со две пакетчиња кондоми и шишенце лубрикант, кое не ни го отворивме.

Од гушкањето ми станува непријатно, но не можам баш да ја бутнам од себе и да ѝ речам да си оди, кога очигледно доста се потрудила да ме заведе.

Но, и тоа ме загрижува.

Жените не се китат со скапа долна облека за обичен секс без обврски, нели? Мислам дека *не*, а следните зборови на Кендал ми ги потврдуваат непријатните мисли.

„Ми недостасуваше, срце."

Првата мисла ми е *срање*.

Втората мисла ми е *зошто?*

Бидејќи цело време додека се гледавме, Кендал воопшто не се потруди да ме запознае. Кога немавме секс, само без престан зборуваше за себе. Сериозно мислам дека ме нема прашано ниедно лично прашање откако се познаваме.

„Ах..." Се мачам да ги најдам соодветните зборови, каква било реченица која не се состои од *ми, недостасуваш, и, ти, исто така*. „Бев доста зафатен. Знаеш, со испити."

„Очигледно дека знам. На истиот колеџ сме. И јас учев." Сега има напната нота во гласот. „Ти недостасував ли и јас?"

Ме заебаваш. Што треба да одговорам на тоа? Нема да ја лажам, бидејќи тоа само ќе ѝ даде лажна надеж. Но, не можам ни да бидам кретен и да ѝ признаам дека од последниот секс ниту еднаш не ми паднала на ум.

Кендал станува и ги стеснува очите. „Да или не, Гарет. Дали. Ти. Недостасував?"

Погледот ми лета низ прозорецот. Хмм... собата ми е на вториот кат и сериозно размислувам да скокнам од проклетиот прозорец. Толку очајно сакам да го одбегнам разговоров.

Меѓутоа, мојата тишина е очигледно многу гласна, па одеднаш Кендал станува од креветот, а русата коса ѝ се размавтува на сите страни додека си ја собира облеката. „Човече. *Каков* шупак си! Гајле ти е за мене, нели Гарет?"

Станувам и посегнувам по фрлените фармерки. „Не е точно", се противам. „Но..."

Таа луто си ги облекува гаќите. „Но, што?"

„Но, мислев дека сме на чисто за нашиот однос. Јас не сакам ништо сериозно." Ѝ праќам продорен поглед.

„Ти го кажав тоа уште на почетокот.“

Изразот на лицето ѝ омекнува, па си ја гризнува усната. „Знам, но... Само си мислев...“

Знам точно што си мислела - дека лудо ќе се вљубам во неа, па нашиот лабав секс ќе се претвори во ебениот *Ноутбук*.

Искрено, не знам зошто воопшто се мачам да поставувам правила. Од сопственото искуство, сфатив дека ниту една жена не влегува во нешто, без да верува дека истото може да прерасне во нешто посериозно. Можеби ќе го негира тоа, можеби дури и самата ќе се убедува дека сексот без обврски е токму тоа што го сака, но, длабоко во себе, се моли и се надева дека ќе води кон нешто подлабоко.

И тогаш, јас, негативецот во нејзината лична романтична комедија, се појавувам и го пукнувам меурчето надеж, и покрај фактот што во ниту еден момент не сум ја излажал за своите мотиви, ниту пак сум ѝ дал лажна надеж.

„Хокејот ми е целиот живот“, ѝ кажувам засипнато. „Тренирам шест дена во неделата, играм дваесет натпревари годишно - и повеќе, ако се квалификуваме во вториот дел од сезоната. Немам време за девојка, Кендал. А ти заслужуваш многу повеќе од она што можам да ти го дадам јас.“

Незадоволство ѝ поминува преку очите. „Не сакам повеќе врска без обврски. Сакам да ти бидам девојка.“

Уште едно *зошто* за малку не ми излетува од уста, но успевам да си го гризнам јазикот. Да покажуваше каков било интерес за мене, што не е еротски, тогаш, можеби ќе ѝ поверував, но, со оглед на тоа што не покажала, се прашувам дали единствената причина што сака врска со мене е бидејќи сум ѝ некаков статусен симбол.

Ја подголтнувам фрустрацијата и барам уште едно незгодно извинување. „Извини. Но, моментално сум во оваа фаза од животот.“

Додека ги закопчувам фармерките, таа се концентрира врз облекување на своите алишта. Иако, *алишта,* е голем збор за долната облека и големиот